# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

Информативно гласило на Општина Битола,
Февруари 2022, бесплатен примерок

www.bitola.gov.mk





**Почитувани граѓани,**

Дадениот збор, Вашата поддршка и доверба се најголемиот мотив да се работи кон создавање на промени кои ќе донесат подобра иднина за Битола.

Општината мора да биде пред се сервис на граѓаните, отворена и транспарентна да излезе во пресрет на Вашите потреби, барања, проблеми.

Токму затоа и првиот пристап на оваа локална самоуправа е насочен кон целосно отворање на институцијата и постојана достапност на градоначалникот. Во изминатите 100 дена соочувајќи се и со бројни очекувани, но и непредвидени ситуации, останавме доследни на нашата заложба низ континуирана комуникација, заедно со сите засегнати групи, организации, институции, поединци, да започнеме да креираме една нова локална политика, која ќе резултира со видлив бенефит од широки размери и промоција на градот надвор од границите на нашата држава.

Ги поставивме темелите за поддршка и понатамошен развој на спортот, мотивација на младите, стимулација на талентираните, културен напредок, социјална заштита и еднакви можности за инклузивност и кариерно надградување.

Изработувајќи ги годишните програми, создадовме можности за развој на туризмот и туристичка промоција, но и административна поддршка за новите предизвици на бизнис секторот.

Ваквата позиционираност ја наметнува потребата од експедитивно делување за брзо и ефикасно решавање на затекнатите проблеми и воведување постапки кои ќе водат кон реализација на капитални проекти.

Обезбедивме континуитет и во интерес на граѓаните ги завршивме инфраструктурните проекти, започнати пред самиот почеток на зимската сезона, подготвувајќи се за изградба, реконструкција и рехаблитација на 23 улици во новата градежна сезона. Започнавме со подготовки за донесување на нов ГУП, кој ќе одговори на современите урбанистичките потреби на градот, се насочивме кон реализација на двата капитални проекти за изградба на нова противпожарна единица и спортски комплекс. Излегувајќи од административните лавиринти, обезбедивме поддршка за „Копанки“, го одглавивме процесот на решавање на предметите за легализација.

Изминатите 100 дена се само почеток на реализација на новиот концепт, кој и во услови на економска и енергетска криза, работи на реализација на програмските заложби, во кои, Вие почитувани сограѓани, ја препознавте визијата за напредок.

Само со стратешки и програмски подготвена општина, можеме да ги негуваме и зајакнуваме нашите пријателски односи на меѓународен план, да работиме на проекти поддржани од Европските и други меѓународни фондови и да донесеме нови инвестиции, со кои Битола, ќе биде високо на мапата на атрактивна културна, туристичка и бизнис дестинација.

**Градоначалник на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

# КОНСТИТУИРАН НОВИОТ СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Советот на општина Битола, со мандат од 2021 – 2025 година го сочинуваат 13 советници од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, 11 советници од СДСМ, 3 советници од независната група на советници Поинаку, 2 советници од Левица, 1 од ЛДП и 1 од ДУИ.

За Претседател на Советот избрана е Габриела Илиевска од независната група на советници Поинаку.

Градоначалникот Тони Коњановски упати честитки до сите советници и претседателот на Советот:

„Верувам дека од денес, општината воспоставува еден нов начин на функционирање, во кој со единство, сплотеност и заедништво можеме да достигнеме највисоки цели и победи за Битола. Тука сме, благодарение на гласот на граѓаните и понатаму имаме обврска да го слушаме нивниот глас, нивните барања, потреби и приоритети.

Вратата од мојот кабинет е секогаш отворена за граѓаните и за Вас советниците. Разменувањето на идеи и мислења е од голема важност во периодот пред нас. Започнавме со заеднички координативен состанок, така мораме и да продолжиме, со цел одредени спротивставени ставови, да дадат конструктивни решенија на проблемите со кои сите се соочуваме, но и да иницираат нови и реално остварливи проекти“, рече градоначалникот во своето обраќање на конститутивната седница на Советот на општина Битола.



# КОНТИНУИТЕТ И НОВИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

**Новата локална самоуправа се соочи со голем предизвик. На почеток, на зимската сезона, неопходно беше да се воведе соодветна динамика, со цел асфалтирање на раскопаните улици, пред првите снежни врнежи. На седум улици, за период од еден месец беа финализирани градежните активности на започнатите делници и овозможено е непречено одвивање на сообраќајот.**

## Доасфалтиран е патот Трново – Магарево

Од започнатиот проект за асфалтирање на патот во должина од 2009 метри, завршен е останатиот дел од коловозот во должина од 1700 метри.



## Асфалтирање на улица „Даме Груев“

Завршен е проектот „Рехабилитација на улицата Даме Груев“ во должина од 763,68 метри во вредност од 4 232 000 денари .



## Асфалтирање на улица „Солунска“

Завршено е асфалтирањето на првата делница од улицата „Солунска“. На оваа улица, извршена е и промената на канализационата линија со изведени приклучоци во должина од 240 метри.

Проектот за реконструкција на ул.„Солунска“, опфаќа реконструктивни зафати на водоводната мрежа, мешовитата канализациона мрежа и нов коловоз, за што во оваа фаза издвоени се 20.632.300 денари, средства од буџетот на Општина Битола.






## Асфалтирање на улица „Довлеџик“

Завршено е асфалтирањето на потегот од мостот на реката Курделес до поврзувањето со улицата Големо Езеро во должина од 165 метри.
Улицата Довлеџик ќе се реконструира во вкупна должина од 470 метри.





## Пуштен во сообраќај влезот во Битола од страната на Охрид

Согласно склучениот договор „Реконструкција со доградба на пропуст над река Курделес на улица Довлеџик“, извршено е пробно товарење со цел пуштање во сообраќај на овој доста фреквентен патен правец.
Од добиените наоди, констатирано е дека, објектот е изведен согласно основниот проект и постоечките технички прописи и нормативи. За сите вградени материјали, доставени се сертификати и извршени се испитувања на арматурата и бетоните. Согласно добиените резултати од терен, пропустот е пуштен во сообраќај.





## Интензивирање на активностите на улица Цане Василев – завршен првиот дел



## Завршено асфалтирањето на улица Ари Ангелевски



## Реконструкција на Мостот кај Безистенот






Како резултат на долгогодишна негрижа, беше констатирано сериозно оштетување на Мостот кај Безистенот, со опасност од животозагрозувачки размери. За жал, за потребната реконструкција, не беше изработена проектна документација, а мостот е лоциран во централното градско јадро, така што потребна беше брза интервенција, воведување на променет режим на сообраќај и изготвување на проектна документација, за да може да се заврши потребната реконструкција. Постапките од страна на општината се завршени. Се очекува експедитивност во добивањето на потребните согласности од државните институции, со цел отпочнување на реконструктивните зафати.



## Доасфалтирање на улица „Кленовец“



# Подготовки за новата градежна сезона

Комплетна реконструкција на инфраструктура на дел од Булевар 1 ви Мај во должина од 762 метри– пред отпочнување
Комплетна реконструкција на инфраструктура на дел од улица Солунска – продолжување на другиот дел на улицата со новата градежна сезона
Реконструкција на коловоз на улица Наум Наумовски Борче во должина од 373 метри во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Коловоз на улица 7 ми јули во должина од 322 метри– пред отпочнување
Изградба на коловоз на дел од улица Крушевска Република во АРМ во должина од 490 метри– пред отпочнување
Изградба на коловоз и канализациона мрежа на улица Стара чешма во должина од 270 метри – во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Коловоз на улица 16 та во должина од 460 метри- пред отпочнување
Коловоз на улица Ѓорги Димитров во должина од 90 метри – во постапка
Изградба на коловоз на улица АСНОМ во должина од 140 метри - во постапка
Реконструкција на коловоз во должина од 276 метри и улично осветлување на улица Македонска фаланга – пред отпочнување
Реконструкција на коловоз на улица 28 ма во должина од 264 метри – во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Рехабилитација на коловоз на улица Вера Циривири Трена во должина од 140 метри - во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Рехабилитација на коловоз на улица Брегалница во должина од 523 метри - пред отпочнување
Рехабилитација на коловоз на улица Штипска во должина од 172 метри - пред отпочнување
Рехабилитација на коловоз на улица Христо Узунов во должина од 394 метри во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Рехабилитација на коловоз на улица Бранислав Нушиќ во должина од 82 метри - во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Реконструкција на коловоз и канализациона мрежа на улица Струшка во должина од 293 метри– пред отпочнување
Реконструкција на коловоз и канализациона мрежа на улица Сутјеска во должина од 90 метри- пред отпочнување
Изградба на улична мрежа низ село Логоварди во должина од 744 метри - во фаза на јавна набавка за избор на изведувач
Изградба на локален пат за село Дихово во должина од 1200 метри – пред отпочнување
Проширување на патот за село Буково – во подготовка на проектна документација
Изградба на колектор и коловоз на локален пат за село Брусник - во тек
Изградба на улично осветлување на ул.„4та“ Буковски ливади – пред отпочнување
Подготовка на проектна документација за улица Индустриска – во постапка на јавна набавка
Подготовка на проектна документација за патна мрежа во село Лажец – во тек
Подготовка на проектна документација за патна мрежа во село Егри – во тек
Подготовка на проектна документација за улично осветлување на улица Студентска

# КОМПЛЕТНО РАСЧИСТУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕПОНИИ



После спроведеното мапирање, општината во соработка со јавните претпријатија спроведе организирана акција за расчистување на повеќе локации. Исчистени се шест депонии, а граѓаните имаат можност дополнително да пријавуваат диви депонии преку веб платформата „Пријави проблем“ или на contact@bitola.gov.mk, со цел брзо постапување на сите локации.

# РАБОТНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ

Општина Битола, организира работна средба со претставници на здруженија за заштита на животните, ветеринари од Битола, како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.
Целта на средбата беше да се согледаат мислењата и предлозите за изнаоѓање решение на проблемот со бездомните животни во Битола.
Во буџетот за 2022 година предвидени се средства за подготовка на проектна документација за решавање на проблемот со бездомните животни, а во претстојниот период работните активности ќе се интензивираат.



# РЕГУЛИРАЊЕ НА ГРАДЕЊЕТО ВО ГРАДСКИТЕ ЈАДРА ПРОГЛАСЕНИ ЗА СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ

Во организација на Комората на овластени архитекти и овластени инжинери во соработка со Националниот комитет на Меѓународниот совет за споменици и локалитети, се одржа настан на тема: Регулирање на градењето во градски јадра прогласени за споменички целини. Стручната дискусија третираше еден горлив проблем на Битола насочен кон можноста за усогласување на регулативата и поедноставување на постапките што го регулираат градењето во Старото градско јадро во Битола, без притоа да се влијае на културниот идентитет на градот. Градоначалникот изрази верување дека, Законодавецот ќе ги препознае капацитетите на чинителите и ќе излезе во пресрет, со цел унапредување на регулативата.



# КООРДИНИРАН ПРИСТАП ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

На конститутивната седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, за претседател е избран Градоначалникот Тони Коњановски. На седницата присуствуваа градоначалниците од деветте општини од регионот.
Со планираните активности, ќе се овозможи непреченост во работата на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион како во однос на донесувањето и спроведувањето на планските документи, така и во врска со обезбедувањето на координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата на граѓани, државните агенции и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој.

Согласно својата надлежност, Советот ќе иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор.



# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ НОВИ ИНВЕСТИЦИИ

Економскиот развој на општината е директно поврзан со условите кои ги создава локалната самоуправа од урбанистички и инфраструктурен аспект со цел создавање можности за нови инвестиции и отворање на нови работни места. Во тој контекст, особено е важна комуникацијата која ја остварува локалната самоуправа со бизнис секторот. Слушајќи ги нивните барања, преку имплементација на соодветни решенија и реализација на капитални проекти, се работи на создавање услови за економски напредок на градот.





Континуирано постапување согласно програмата

# ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА НИВО НА ЗАДАЧАТА





Согласно Програмата за зимска служба за сезоната 2021/2022 година, екипите на јавните претпријатија го расчистуваа снегот од улиците, тротоарите, паркинг просторите и мостовите, согласно дефинираните приоритети. На терен се работеше постојано, со цел обезбедување проодност на улиците.

# ПОДГОТОВКИ ЗА НОВ ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Градоначалникот Тони Коњановски и претставници на општина Битола, оствариja работна средба со стручниот тим од јавното претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг, предводено од директорката Марија Зарова Силјановска.

На средбата се разговараше за тековните постапки и понатамошните чекори поврзани со донесувањето на новиот генерален урбанистички план, што претставува еден од приоритетите на градоначалникот, поради фактот што во моментот Битола има ГУП од 1999 година, кој не ги исполнува потребните стандарди, односно не е во дигитална форма и не е изработен на ажурирана геодетска подлога.

Во годишната програма на општина Битола за финансирање на изработка на урбанистички планови, општината го вклучи донесувањето на новиот ГУП, за што веќе се отпочнати активностите. Новиот ГУП ќе се усогласи со законската регулатива и реалните потреби на градот од аспект на планирање на намени на површини, сообраќајна и друга инфраструктура, планирање на мерки за заштита на природното наследство и животната средина, заштита на природата, озеленување на населбите и други мерки за остварување на целите на планирањето.



# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПАРКИНГ ПРОСТОР СО ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Општина Битола е прва општина во пелагонискиот регион што на иницијатива на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за обнова на Македонија започна постапка за трансформација на земјиште, односно пренамена на маркица од згради во земјиште за јавна употреба - паркинг простор со јавно зеленило.



# ОТВОРЕНА ОПШТИНА ЗА ГРАЃАНИТЕ

Голем број идеи, предлози, барања и проблеми, беа дел од првиот отворен ден за средба на граѓаните со градоначалникот Тони Коњановски и раководителите на секторите и одделенијата во општина Битола.
Веднаш после објавувањето на информацијата за отворен ден, средба со градоначалникот во општината побараа над 100 граѓани. За дел од барањата каде беше можно брзо делување на општинската администрација, веднаш беше постапено. Некои граѓани добија насоки за понатомошно делување во врска со одреден проблем со кој се соочуваат, а одредени идеи и предлози беа вклопени во општинските годишни програми.

Целта на овој вид средби е да се согледаат приоритетите, идеите и проблемите од областа на комуналната сфера, образованието, социјалата, просторното уредување, инспекциската надлежност и сѐ она што е дел од работата на општинските служби.











Забрзување на административните процедури

# РЕШЕНИ 1100 ПРЕДМЕТИ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Со интензивна работа на една деценија нерешените предмети за легализација, решени се 1100 предмети.
Од вкупно 17.543 предмети, до 2017 биле решени 10.205 предмети и 746 предмети во периодот од 2017 до 2021 година.

Оваа локална самоуправа се соочи со заостанати 6.592 предмети. Со оваа динамика, ќе се овозможи решавање на сите предмети, со цел граѓаните конечно да добијат повратен одговор во врска со доставеното барање.





# НАДМИНУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ

После серијата земјотреси кои ја погодија Битола, општината спроведе повеќе активности со цел обезбедување поддршка за граѓаните во надминување на последиците и санирање на штетите. На иницијатива на градоначалникот и претседателот на Советот, Владини претставници ја посетија Општина Битола, при што беше најавена поддршка во реализација на главната заложба на општината за навремено завршување на процедурите и обештетување на граѓаните, како и навремена санација на штетите на повеќе објекти, меѓу кои и: клиничката болница, детските градинки и образовните институции. Општина Битола во координација со ИЗИИС веќе работи на решавање на доставените барања.





# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## Конституиран Советот за социјална заштита на Пелагонискиот плански регион

Конституиран е Советот за социјална заштита на Пелагонискиот плански регион, составен од деветте градоначалници од Пелагонискиот регион и директорите на центрите за социјална работа од Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен. За претседател на Советот за социјална заштита, избран е градоначалникот на Општина Могила, Драганчо Саботковски.

Овој Совет е основан заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на регионот, а меѓудругото следи и обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, државните институции, здруженијата на граѓани, приватните даватели на социјални услуги кои дејствуваат во областа на социјалната заштита во планскиот регион, како и други работи поврзани со социјалната заштита во планскиот регион.



## Општина Битола со повеќе проекти за социјална заштита

• Доделени сертификати, на негувателите кои успешно ја завршија обуката за обезбедување на соодветна грижа за лицата на кои тоа им е неопходно.

Подготовката на негувателите, се спроведе како дел од проектот за обука на негуватели за помош на стари лица и лица со попреченост, кој се реализираше во соработка помеѓу општина Битола и општинската организација на Црвениот крст.

• Објавен јавен повик за Поддршка на проекти и програмски активности на здруженија на граѓани кои работат во областа на социјалната заштита

• Објавен јавен повик за обезбедување инфраструктура на лицата со попреченост, во домот на тие лица





• Објавен јавен повик за обука на 24 невработени лица, за лични асистенти на лица со попреченост, во соработка со ОО Црвен крст Битола. За реализација на оваа проектна активност, општината издвојува 480.000 денари.

• Потпишан договор со максимален износ од 900.000 денари со ОО Црвен крст Битола за згрижување на бездомни лица и лица во ризик



## Сите заслужуваат празнично да се радуваат



Новогодишни пакетчиња на децата од Центарот за поддршка на учењето на деца со попреченост во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“



Новогодишните пакетчиња за деца со ретки болести и деца од социјално ранливи семејства



Божиќна радост и за бездомните лица



Бадникови поворки – хуманост и подадена рака за секого

## Битола – општина со еднакви можности за сите граѓани

Како дел од проектот “Грижа за здравјето на Ромите 2”, во НУУБ „Свети Климент Охридски“, се одржа партнерски состанок со присуство на стратешките партнери од Германија, Унгарија, Романија, Бугарија и Грција и претставниците на Здружението за развој на ромската заедница „СУМНАЛ“ од Битола. Градоначалникот Тони Коњаноски, поздравувајќи ги гостите, ја потврди понатамошната поддршка за имплементација на проектните активности од страна на општината, која исто така е партнер во проектот.



## Подобри можности за учење на лицата со оштетен вид



По повод Меѓународниот ден на Брајовата азбука 4 Јануари, Во НУУБ „Свети Климент Охридски“ беа донирани повеќе примероци на лектирните изданија Гоце Делчев од Ванчо Николески, Песни од Миладинов, Автобиографија на Григор Прчличев и Малиот Принц од Антоан де Сент Егзипери. Книгите се напишани на Брајово писмо.

## Иницијатива за спроведување на програмата за повраток на инсулинските пенкала

На барање на Здружението на дијабетичари се одржа работна средба, на која беше разгледана иницијативата Битола да биде прв град во државата, каде ќе се започне со собирање на медицински отпад (инсулински пенкала), кои понатаму ќе се рециклираат за добивање на други финални продукти. Со реализација на овај проект, ќе се заштити животната средина, а инсулинските пенкала ќе доживеат втор живот во областа на индустријата.



# НЕВЛАДИН СЕКТОР

## Соработка за клучните приоритети ReLoaD 2

Во Салата на Советот на општина Битола, се одржа јавна дебата за приоритетните области за поднесување на предлог проекти од невладини организации во рамки на проектот ReLOaD 2.

На јавната дебата, беа поканети здруженијата на граѓани да дадат сугестии за предлог приоритетните области со цел нивно вклучување во насоките за поднесување проекти по јавниот повик, кој потоа беше објавен. Како приоритетни области за 2022 година за општината издвоени се: заштита на животната средина, културното наследство, социјалната кохезија и намалување на сиромаштијата и младински иницијативи.

Присутните на јавната дебата ги поздрави градоначалникот, кој им посака успешна работа и добра соработка во идниот период, затоа што на тој начин ќе се овозможи транспарентно доделување на финансиски средства, зајакнување на капацитетите на невладините организации и општинската администрација, а преку заедничкото делување ќе се постигне решавање на дел од проблемите со кои се соочуваат граѓаните во општината.

ReLOaD2 го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а е финансиски поддржан од Европската Унија.



## МЛАДИ

# Транспарентно и активно вклучување на младите од Пелагонискиот регион во развојните процеси

Градоначалникот на Битола и Претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион, Тони Коњановски, присуствуваше на Свеченото отворање на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија“ кој го имплементира организацијата Про Локал со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија.

Во своето обраќање на настанот, градоначалникот истакна, дека меѓу најголемите приоритети на Пелагонискиот регион чиј претседател е, се наоѓаат транспарентноста во работењето и инклузивноста.

Со проектот се предвидува активно вклучување на граѓаните во носењето јавни политики со особен акцент на младите и нивно учество во креирањето на развојни проекти.

Во проектот се вклучени пелагониските општини и десет граѓански организации чија задача ќе биде преку интензивни активности да ги поврзат идеите со расположивите фондови од меѓународната заедница со цел реализација на проекти кои се приоритет на младите од регионот.

Претставници од ЕУ, УНДП, УСАИД, СДЦ и Програмата МАТРА ги презентираа програмите кои се на располагање за финансирање на проекти поднесени од општините и граѓанскиот сектор.



# Конститутивна седница на локалниот младински совет

На конститутивната седница на Локалниот младински совет од двајцата предложени кандидати, за претседател беше избрана Ивана Атанасовска.
Пред деветте членови на младинскиот совет се обрати Градоначалникот Тони Коњановски, кој им посака успешна работа во понатомошниот период и многу конструктивни идеи и предлози, кои ќе придонесат младите да останат во својот град и заедно со локалната самоуправа, да работат на негова подобра иднина.



Претседателката на Советот, Габриела Илиевска, во своето обраќање изрази верување дека познатата реченица: младите се нашата иднина, нема да биде само обична флоскула, туку младинскиот совет со својата работа ќе докаже дека младите можат да направат многу за да се спречи одливот на младата сила во странство.
И претседателката на Советот и градоначалникот, нагласија дека општината е отворена за постојана соработка со младинскиот совет и дека очекуваат многу иницијативи и проекти, кои во идниот период, би се реализирале согласно законските можности.

# Стимулација за талентирани ученици



Општина Битола, објави јавен повик за доделување на награди за талентирани и наградени ученици во основни и средни училишта.
Предмет на јавниот повик е прибирање на пријави за доделување на еднократна финансиска награда за талентирани и наградени ученици од основните и средни училишта во Општина Битола во учебната година 2021/22.
Наградите ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Битола за 2022 година согласно Програмата за култура на Општина Битола за 2022 година. Наградите на избраните талентирани и наградени ученици ќе бидат доделени во рамките на празнувањето на патронот на Општина Битола, денот на Свети Нектариј Битолски.

# КУЛТУРА

## Зимска приказна

Повторно заживува културата во Битола. Зимската приказна на платото пред Офицерскиот дом понуди 57 различни проекти, со многу музички групи, битолски диџеи, театарски претстави, учесници на детски музички фестивали, работилници.... или збирно над 60 часа активна програма.

Деветдневниот фестивал на новогодишната бина понуди уметничка програма за сите возрасти, а компаниите кои сакаа да спонзорираат имаа можност целиот комплекс да го користат за тим билдинг средби или подарување и програма за децата на вработените во своите компании.











## Божиќен концерт

По повод големиот христијански празник Божиќ, во организација на Општина Битола, во Офицерскиот дом во Битола, се одржа Божиќен концерт. Присутните имаа можност да го проследат настапот на Машкиот хор „Свети Нектариј Битолски“ и Женскиот хор „Света Макрина“.





## Одбележан Денот на Заштитникот на градот Свети Нектариј Битолски





Општина Битола во соработка со Преспанско пелагониската епархија, го одбележа Денот на Заштитникот на градот Свети Нектариј Битолски.
Одбележувањето започна со утринска богослужба и Света Божествената Литургија, а потоа се изврши свечена Литија со моштите на „Свети Агатангел Битолски“, а во чест на патронот и заштитник на градот Битола – Свети Нектариј Битолски.
После завршувањето на Литијата, Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски оствари средба со Митрополитот Преспанско-пелагониски господин Петар.

## ПОСЕТА НА ПРВОРОДЕНИТЕ НОВОРОДЕНЧИЊА ВО 2022

Во првата ноќ од новата година во Битола се родија четири новороденчиња од кои три во Клиничката болница и едно во приватната болница Плодност. Градоначалникот на Општина Битола, при посета на двете болници, на првороденото дете му подари 10.000 денари, а на другите три по 6.000 денари, како и пакет производи неопходни за мајките и новороденчињата во следниот период.





## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВОДИЦИ






## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СРБИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО БИТОЛА

По повод празникот „Свети Сава“, претставници на Заедницата на Србите во Македонија во Битола, ја посетија Општина Битола. На средбата со градоначалникот Коњановски, разговараа за зајакнување на понатамошната соработка во интерес на реализација на заложбата за подобра иднина на денешните и генерациите кои доаѓаат.



# СПОРТ

## Поддршка за спортот и Фудбалскиот клуб Пелистер

Општина Битола, почна да работи на стабилизирање на Фудбалскиот клуб „Пелистер“ и создавање добра основа, буџет и управа, кои ќе придонесат за спортско издигнување на клубот.
Имајќи ја предвид затекнатата состојба, како и потребата од брзо делување, исплатени се заостанатите обврски на клубот за месеците октомври, ноември и декември 2021 година.
Со тоа, заклучно со 01.01.2022 регулирани се финансиските обврски на клубот, со цел создавање основа за понатамошно добро функционирање и подготовки за постигнување на добри резултати.
Покрај решавањето на финансиските проблеми, се пристапи и кон решавање на останатите предизвици со кои се соочува клубот.
Нов спортски директор на клубот е Ванчо Мицевски, а големите фудбалски имиња, легенди на битолскиот фудбал Митко Стојковски, Тони Мицевски, Сашо Здравевски, Спасе Ристевски и Златко Цветановски се дел од новата соработници кои ќе дадат поддршка и да бидат дел од процесот на спортско издигнување на клубот.





## Нова иднина за КК Пелистер

Кошаркарскиот клуб Пелистер, доби нова управа која во понатамошниот период ќе го води клубот, но и успешно ќе менаџира со затекнатите проблеми. Општина Битола, со финансиска поддршка, не дозволи спортот да биде жртва на претходното несоодветно финансиско менаџирање, во кое преземените обврски биле многу поголеми од финансиската способност и расположливите средства.



## Подготовка на документација за
# ПЛАНИНАРСКИ ДОМ „КОПАНКИ“



Со уважувањето на жалбата на Здружението планинарски спортски клуб „Пелистер“ од страна на Вишиот управен суд, поништени се решенијата кои во изминатиот период беа донесени од Општина Битола и Министерството за транспорт и врски, со кои беше оневозможено обновувањето на планинарскиот дом „Копанки“.




Со тоа, оваа постапка е завршена, а согласно законската регулатива, локалната самоуправа ќе даде поддршка за обнова на објектот, кој е еден од симболите на Битола, изграден во далечната 1938 година. Место кое со децении било спој на различни генерации, создавало спомени, а нудело и големи можности за развој на зимските спортови.

Во буџетот за 2022 година предвидени се средства за реконструкција на планинарскиот дом „Копанки“.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Соработката со збратимените градови, како и проширувањето на меѓународната соработка на општина Битола, може значително да ги зголеми перспективите за понатамошен развој на општината.**

## Делегација од општина Битола во посета на збратимениот град Епинал во Франција

Со цел зајакнување на воспоставената соработка и отворање нови можности за



заеднички напредок, делегација од Општина Битола, предводена од градоначалникот Тони Коњановски, го посети збратимениот град Епинал во Република Франција, каде присуствуваше на официјалниот настан по повод Свети Никола, денот на заштитникот на градот. Градоначалникот Коњановски, во своето обраќање пред присутните, ја нагласи петдецениската поврзаност на Битола и Епинал, потенцирајќи дека во идниот период, истата треба постојано да се развива и надградува.

## Одржан работен состанок со претставници на Еврејската заедница и Музејот на холокаустот

На средбата со Претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, Пепо Леви и извршниот директор на Музејот на Холокаустот, Горан Садикаријо. се разговараше на повеќе теми, меѓу кои и за настаните со



кои во Битола, ќе биде одбележан, 11 март – Денот на холокаустот на македонските Евреи. Градоначалникот Коњановски, го отвори и прашањето поврзано со Пионерскиот дом во Битола, кој е во сопственост на Еврејската заедница, за што заеднички беше констатирано дека, по завршувањето на потребните постапки поврзани со објектот, кои се веќе отпочнати од страна на сопствениците, ќе се разговара за содржинско исполнување и функционалност на објектот, за што општината би дала поддршка, согласно законската можност.

## Одбележан Денот на руската дипломатија

По повод Денот на руската дипломатија, во организација на Амбасадата на Руската Федерација и Почесниот конзулат во Битола, се одржа традиционална церемонија пред споменикот „Руски крст“ во Битола.


Средба со Амбасадорот на Руската Федерација НЕ Сергеј Баздникин

Свежо цвеќе пред споменикот, положи и Делегација од општина Битола, предводена од заменик градоначалникот Бојан Бојкоски и претседателот на Советот Габриела Илиевска.



## Комеморација на француските воени гробишта

По повод Денот на помирувањето од Првата светска војна, се одржа комеморативна церемонија на Француските гробишта во Битола, на која присуствуваше градоначалникот на Општина Битола, како и амбасадорот на Франција Сирил Бомгартнер и амбасадорката на Германија Анке Холштајн.
Делегациите, со полагање на свежо цвеќе, им оддадоа почит на загинатите војници и цивили за време на Првата светска војна. Во рамките на церемонијата, градоначалникот Коњановски, заедно со амбасадорите, го посетија и Францускиот меморијален комплекс.





# Средба со Амбасадорот Дејвид Гир





Градоначалникот Коњановски, оствари прва официјална средба со Амбасадорот на Европската унија, Дејвид Гир, кој го информираше за клучните приоритети кои локалната самоуправа планира да ги реализира во четиригодишниот мандат. Градоначалникот нагласи дека, покрај работата на перспективните цели, општината работи и на успешна дореализација на започнатите проекти финансирани од ЕУ, но и обезбедување функционалност и одржливост на веќе

реализираните инвестиции.
На средбата беше разгледана можноста за отворање на „Куќа на Европа“ во Битола, а се разговараше и за проекти поврзани со културно историското наследство, прекуграничната соработка со Корча, како и програмите поврзани со заштитата на животната средина, менаџирање со отпадни води и проектот „Правилна транзиција“, кој позитивно би влијаел на обезбедување почист воздух во Битола.







